СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 6 година XL 5 ноември 2004**	Претплата за 2004 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

96.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/1
05 ноември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 2 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),а во согласност со член 14, член 15, став 2 и член 21 од Законот за буџетите(„Службен весник на РМ"бр.79/93; 3/94; 71/96; 46/00; 11/01; 93/01; 46/02 и 24/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.10.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година

Член 1

Во Буџетот на Општина Велес за 2004 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.9/03 и 4/04) во Билансот на расходи:

- во категоријата 44, подкатегорија 442, ставка 4421, - Трансфери до непрофитни организации, износот од „300.000,оо" ден. се заменува со „0,00";
- во категорија 46, подкатегорија 462, ставка 4621 - Купување на градежни објекти износот „0,00" денари се заменува со износот од „300.000,оо" денари;
- во категорија 46, подкатегорија 468, ставка 4681 - Реконструкција и реновирање, износот од „400.000,оо" ден. се заменува со износот од „250.000,оо" ден.;
- во категорија 42, подкатегорија 422, ставка 4221 - Затоплување, износот од „30.000,оо" ден. се заменува со „180.000,оо" ден.;

Член 2

Во посебниот дел во Билансот на расходи во Програма 1 - Администрација

- во категорија 44, подкатегорија 442, ставка 4421, подставка 442115 - Трансфери до политички партии, износот од "300.000,оо" ден. се заменува со "0,00" ден.;
- во категорија 46, подкатегорија 462, ставка 4621, се додава нова подставка "462111 - Купување на станбени објекти" во износ од "300.000,оо" ден.
- во категорија 46, подкатегорија 468, ставка 4681, подставка 468115 - Други реконструкции и реновирања,износот од "400.000,оо"ден.,се заменува со износот од"250.000,оо" ден.
- во категорија 42, подкатегорија 422, ставка 4221, подставка 422112 - Дрва, износот од "30.000,оо" ден., се заменува со износот "60.000,оо" ден.; подставката 422113 - Јаглен, износот од "0,00" ден. се заменува со износот од "120.000,оо" ден.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2120/2
01.11.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

97.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за доделување на награда за животно дело "Гемиџии" за 2004 година

Се прогласува Одлуката за доделување на награда за животно дело "Гемиџии" за 2004 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/6
05 ноември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 1/03), а согласно со Одлуката за востановување награда за животно дело "Гемиџии" ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 4/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.10.2004 година, донесе

О Д Л У К А
За доделување награда за животно дело "Гемиџии" за 2004 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда за животно дело "Гемиџии" за 2004 година, за постигнати резултати во развојот и афирмацијата на Велес во државата и надвор од неа.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември - Денот на Општина Велес.

Член 2

Наградата за животно дело "Гемиџии" за 2004 година се доделува на:

-Александар Попов-Сашко, академски сликар од Велес,

- Ангел Петров, академски сликар од Велес, и

- Тихо Најдовски, писател од Велес.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр. 0701-2120/7
1.11.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

98.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за доделување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Одлуката за доделување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/7
05 ноември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл. Гласник на Општина Велес" бр. 1/03) и Одлуката за востановување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес ("Сл. Гласник на Општина Велес" бр. 7/97; 7/01 и 5/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.10.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2004 година

Член 1

По повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес, а за особени заслуги и придонеси за развој и афирмација на Општина Велес, се донесува Одлука за доделување 9-то ноемвриски признанија за 2004 година.

Признанијата ќе бидат врачени на свечена седница на Советот на Општина Велес

одржана по повот 9-ти Ноември Денот на Општина Велес.

Член 2

Спомен-плакета на Општина Велес се доделува на:

- Ансамбл "Керамичар" од Велес,
- Соња Пренџова-Јуруковска, дипл. инж. архитект од Велес;
- Боре Лефков, фотограф од Велес;и
- Александар Ников, дипл. електро инж. од Велес.

Член 3

Благодарница се доделува на;

- ОО на СБМ Велес; и
- Борците на 8-ма Велешка бригада

Член 4

Пофалница се доделува на:

-Димче Велев, координатор во Центарот за поддршка на НВО Велес;

- Соња Гаврилова, психолог-активист на Друштвото на родители за грижа за здраво поколение од Велес;

-Игор Неделковски, студент на Машински факултет Скопје, од Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а Ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр. 0701-2120/8
1.11.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

99.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за донесување на ДУП за локалитет "М"

Се прогласува Одлуката за донесување на ДУП за локалитет "М", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/4
05 ноември 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 18, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 22, став 3 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.4/96, 28/96, 28/97, 53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.10.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на ДУП за локалитет "М"

Член 1

Со оваа Одлука се донесува ДУП за локалитет "М".

Деталниот урбанистички план е изработена согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот.

Член 2

Просторот за кој се однесува Деталниот урбанистички план за локалитет "М" во Велес е со површина на урбано подрачје од 0,55 ха.

Просторот кој е предмет на планот тертиан е со ОУП од 1986 година за град Велес. Просторот за кој се донесува планот е предвиден за домување.

Сообраќајно овој простор е добро поврзан со центарот на градот и тоа преку градската сообраќајница "Димитар Влахов".

Планот е дефиниран на следната граница на урбаното подрчје:

- на север, југ и исток границата се движи по колско пешачки патеки:

-на запад, граница е осовината на ул."Димитар Влахов"

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е

- Текстуален дел и Графички дел со одредби за спроведување на ДУП локалитет "М" Велес;

-Стручна ревизија на Нацрт-донесување на ДУП за локалитет "М":

-Извештај од јавна анкета со образложение за неприфатени забелешки.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје

Член 4

За донесување на ДУП за локалитет "М" има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје бр.13-7929 од 16.09.2004 година.

Член 5

Донесувањето на ДУП за локалитет "М" Велес, го потпишува и заверува претседателот на Советот на Општина Велес во 3 (три)

примерока од кои еден примерок задржува доносителот на Планот, а останатите примероци се доставуваат до ПЕ на Министерството за транспорт и врски - Велес.

Член 6

Донесувањето на ДУП за локалитет "М", ќе го спроведува Минстерството за транспорт и врски - ПЕ Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2120/4
01.11.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

100.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за ревизија на Локалниот еколошки акционен план на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за ревизија на Локалниот еколошки акционен план на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/5
05 ноември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (пречистен текст) ("Службен весник на РМ" бр.13/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.10.2004 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за ревизија на Локалниот еколошки акционен план на Општина Велес

Член 1

Да се изврши ревизија на Локалниот еколошки акционен план на Општина Велес, усвоен од Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.11.1999 година.

Член 2

За спроведување на постапката на ревизијата се формира Комитет за ревизија на Локалниот еколошки акционен план на Општина Велес, во состав од 6 (шест) члена.

За членови на Комитетот од претходниот став на овој член се именуваат:

- Петар Стојанов
- Никола Брезев
- Катица Чадиева
- Костадин Настовски
- Билјана Шуркова Манаскова
- Лидија Плъакова
- Дејан Крстев

Претседателот на Комитетот ќе се избере од членовите на конститутивната седница.

Член 3

По завршувањето на ревизијата Комитетот од претходниот член се задолжува да ја достави до Советот на Општина Велес за усвојување.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила осум дена по денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2120/6
01.11.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Советот на Општина Велес,
Севанка Богоевска с.р.

101.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за новите градски гробишта

Се прогласува Одлуката за новите градски гробишта, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/2
05 ноември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевскис.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 7 и член 12 од Законот за гробиштата ("Сл.весник на СРМ" бр.18/73) и член 23, став 1, точка 8 и 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.10.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за Новите градски гробишта

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува изградбата, одржувањето, уредувањето, употребата, управувањето со новите градски гробишта, доделување на гробно место, гробната евиденција, одржувањето редот на гробиштата и вршење закоп на умрените на новите градски гробишта во Велес.

Член 2

Гробиштата се определуваат и изградуваат на место предвидено со урбанистичкиот план на Велес и на место определено со посебна Одлука на Советот на Општина Велес.

Член 3

Со новите градски гробишта од претходниот член на оваа Одлука управува, се грижи за нивното уредување и одржување и врши погребни дејности Јавното комунално претпријатие "Дервен" Велес (во понатамошниот текст ЈКП "ДЕрвен").

Член 4

Закопот на умрените се врши на новите градски гробишта.

По исклучок, одделни умрени можат да се закопуваат и надвор од новите градски гробишта на место што ќе го определи надлежниот општински орган.

Член 5

Закопот на умрените се врши според Законот за гробиштата и оваа Одлука без оглед на државјанство, народност и верска припадност на умрениот.

При закопот на умрениот на новите градски гробишта може да се врши верски обред.

Член 6

На Новите градски гробишта можат да се определуваат места за закоп на умрените од разни вероисповести, сразмерно на бројот на жителите.

Местата од став 1 на овој член можат да се издвојуваат со озеленување или на друг погоден начин.

II. ИЗГРАДБА, УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБОВИТЕ И ГРОБНИЦИТЕ

Член 7

Гробовите, гробните и надгробните споеменици мораат да се изградуваат, уредуваат и одржуваат во согласност со прописите за градење, урбанистичко-санитерните прописи и одредбите на оваа Одлука.

Внатрешно уредување на новите градски гробишта по правило се врши на парковски начин.

Член 8

Новите градски гробишта мора да се одржуваат на начин што ќе обезбеди секогаш да се чисти и уредни.

Член 9

На Новите градски гробишта покрај просторот наменет за закоп, мора да има пристап до гробните места, мртовечницата и другите пропратни објекти.

Распоредот на гробните места, патеките, зеленило и другите објекти во Новите градски гробишта го утврдува ЈКП "Дервен".

Член 10

Одржувањето и уредувањето на гробното место и надгробните споменици го врши семејството на умрениот или лицето што Ќе го извршува закопот.

По барање на заинтересираните корисници ЈКП "Дервен" може да ги одржува надгробните споменици и гробното место за што ќе наплатува надоместок утврден со посебна Одлука.

Член 11

Корисниците на гробовите можат да поставуваат надгробни споменици со согласност од надлежниот општински орган, кој ги пропишува димензиите и условите на изградба.

На надгробните споменици се забранува пишување на текстови кои се спротивни на моралните начела.

III. РЕД НА НОВИТЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Член 12

ЈКП "Дервен" го определува врмето во текот на денот во кое за граѓаните е дозволено посета и пристап на гробиштата.

Објава за тоа истакнува на секој влез од гробиштата.

Деца до 10 години возраст можат да имаат пристап на гробиштата само со придружба на постари лица.

Член 13

При извршување на работите на гробиштата изведувачите и граѓаните се должни да се придржуваат на следното:

1. Работите да се вршат така што во најголема мерка да се зачува редот и мирот на гробиштата;

2. Работите можат да започнат и да се извршуваат само по претходна пријава и одобрение на ЈКП "Дервен" и во денови и време што тој ќе ги определи;

3. Градежниот материјал (песок, цемент и др.) можат да се чуваат на гробиштата само во најкратко време што е неопходно за изведување на работите и начин што нема да пречи во закопот на умрените и движењето на гробиштата;

4. По завршувањето на работите изведувачот е должен веднаш да го уреди и исчисти теренот како што бил пред започнување на рабоите;

5. За превоз на материјалите потребни за изведување на работите можат да се користат само патеките што ќе ги определи ЈКП "Дервен";

6. Ако при изведување на работите на гробиштата се пронајдат делови од ковчег, коски и сл. Ќе се закопаат на истото место и предметите од вредност мора да се предадат на ЈКП "Дервен" со записник за натамошна постапка;

7. ЈКП "Дервен" може да му забрани на изведувачот вршење на работите на гробиштата доколку не се придржува на одредбите за ред на гробиштата.

Чдлен 14

ЈКП "Дервен" е должен на гробиштата да обезбеди соодветно место за изнесување на сметот и другите отпадоци во согласност со санитарно-хигиенските услови.

Член 15

На гробиштата се забранува:

1. Стапнување и валкање на гробовите и гробниците;

2. Минување по зелените површини, кршење и откинување на цвеќиња и други украсни растенија;

3. Оштетување на надгробните споменици и други објекти што служат за потребите на гробиштата;

4. Внесување и напасување на животни на гробиштата;

5. Поставување на настрешници, метални и друг вид на огради на гробиштата;

6. Оставање и фрлање на отпадоци, храна и хартија на патеките, на зелените површини, гробовите и на другите места на гробиштата, освен на места кои се определени за тоа;

7. Влегување во мртовечницата надвор од времето за закоп и без одобрение на ЈКП "Дервен";

8. Фотографирање во вид на занает и продажба на било каква стока без одобрение на ЈКП "Дервен";

9. Возење на сите видови возила ако тоа не е одобрено од страна на ЈКП "Дервен";

10. Садење на овошни и други дрвја, освен украсни растенија со одобрение на ЈКП "Дервен";

11. Оставање запалени свеќи надвор од гробното место;

12. Питачење на гробиштата.

IV. МРТОВЕЧНИЦА

Член 16

Новите градски гробишта мора да имаат мртовечница за чување на умрените до закопот.

Мртовечницата мора да има посебна просторија за ставање на умрениот и простории за блиските роднини на умрениот.

Мртовечницата треба да биде според прописите за градње и санитано-хигиенските прописи со приклучок на електрична мрежа, водовод и канализација.

ЈКП "Дервен" е должен да се грижи за редот и чистотата во мртовечницата и просторот околу мртовечницата.

V. ПРЕНОС И ЗАКОП НА УМРЕНИТЕ

Член 17

Посмртните останки по утврдената смрт се пренесуваат на новите градски гробишта и до закопот се чуваат во мртовечницата.

Умрените до мртовечницата се пренесуваат во затворен дрвен или лимен ковчег.

Член 18

Преносот на умрените од неговиот дом, болница и други места во мртовечницата и преносот на умрените во сообраќајни и други незгоди се врши со специјални возила.

Член 19

Закопот на умрените на гробиштата се врши од мртовечницата во согласност со Законот за гробиштата и оваа Одлука.

Посмртните останки на умрениот се пренесуваат во мртовечницата најдоцна 12 часа од часот кога настапила смртта.

Пренесувањето во мртовечницата не е задолжително во времето од 20,оо часот на денот кога настапила смртта па до 06,оо часот наредниот ден.

Член 20

Закопот на умрените се врши по истекот на 24 часа од часот на смртта.

По исклучок, врз основа на одобрение на Санитарна инспекција закопот може да се врши и пред истекот на рокот од 24 часа и после

истекот на рокот од 48 часа.

Закопот на посмртните останки го врши ЈКП "Дервен", врз основа на претходна дозвола за закоп издадена од Министерството за внатрешни работи - Секретаријатот за внатрешни работи Велес.

Член 21

Во ЈКП "Дервен" се основа сервис за вршење на административни работи, издавање на гробни места, обезбедување на место во мртовечница за умрениот и други потребни услуги.

ЈКП "Дервен" е должен да обезбеди служба за вршење на закоп на умрените на новите градски гробишта секој ден во недела и државни празници.

Член 22

ЈКП "Дервен" со свој акт поблиску ќе ги уреди работите за извршување на услугите, преносот и закопот на посмртните останки како и висината на надоместокот за користење на потребните услуги.

Согласност на актот од став 1 на овој член дава Советот на Општина Велес.

VI. ОТКОПУВАЊЕ НА ПОСМРТНИТЕ ОСТАНКИ

Член 23

Откопувањето на посмртните останки по барање на членовите на потесното семејство, судовите по службена должност и по претходно одобрение на Санитарната инспекција го врши ЈКП "Дервен".

Лицата што вршат откопување на посмртни останки не смеат да имаат отворени рани, струпови и сечници и мораат да бидат облечени во соодветна заштитна облека и обувки. По секое откопување на посмртните останки мора да се изврши дезинфекција на ковчегот и гробното место.

Откопувањето на посмртните останки од заразни болести може да се врши по истекот на една година од денот на закопот.

VII. КОРИСТЕЊЕ НА ГРОБНОТО МЕСТО И ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ

Член 24

Гробно место за закоп на посмртните останки на умрениот дава ЈКП "Дервен".

Под гробно место во смисла на оваа Одлука се смета гроб и гробница.

Член 25

Посмртните останки мора да почиваат во гробното место најмалку 10 години од денот на закопот.

Член 26

Гробното место се дава на користење за време од 10 години.

Гробното место може да се додели пред настанување на потреба за закоп (резервирано место).

По истекот на рокот од став 1 на овој член корисниците гробното место имаат право да го продолжат правото на користење на гробното место.

Рокот на продолжување на користење на гробното место изнесува 10 години.

Член 27

Гробните места за кои корисниците и покрај писмената опомена на ЈКП "Дервен" не го платиле пропишаниот надоместок за продолжување на правото на користење се сметаат напуштени и престанува правото на понатамошно користење и со нив располага ЈКП "Дервен".

Член 28

Посмртните останки од напуштените гробови на кои им истекол рокот на почивање ЈКП "Дервен" Ќе го пренесе и закопа на заедничко место - гробница и ќе означи чии посмртни останки се закопани.

VIII. ГРОБНА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 29

ЈКП "Дервен" е должен да води евиденција на умрените што се закопани на Новите градски гробишта.

Евиденцијата се води посебно за гробовите и посебно за гробниците.

Гробната евиденција содржи име и презиме на умрениот, гробна парцела, ред и реден број.

Надзор над водењето на гробната евиденција врши надлежниот Орган на Општината.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Со стапување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за начинот на управувањето, одржувањето и користењето на мртовечниците во град Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.7/02).

Член 31

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2120/3
01.11.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

102.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување Согласноста на Одлуката за утврдување на цените на погребални услуги

Се прогласува Согласноста на Одлуката за утврдување на цените на погребални услуги, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/3
05 ноември 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 11, став 1, точка 6 Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 6/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.10.2004 година, донесе

С О Г Л А С Н О С Т
на Одлуката за утврдување на цените на погребални услуги

1. Се дава согласност на Одлуката за утврдување на цените на погребални услуги бр.0201-1055 од 28.11.2004 година донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен".

2. Оваа согласност стапува во сила осум дена од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

Број 0701-2120/4
01.11.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

103.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2004 година.

Број 0801-2152/8
05 ноември 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 38, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.10.2004 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Велес

1. Се прифаќа иницијативата од Комисијата за полова рамноправност за изменување и дополнување на Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" 1/03).

2. Со измените и дополнувањето да се овозможи Комисијата за полова рамноправност да биде постојано помошно тело на Советот на Општина Велес и да се определат нејзините надлежности.

3. Статутарно правната комисија во соработка со Административно управниот орган на општината да го изработат и му го предложат на Советот на Општината Нацртот на измените и дополнувањата на Статутот на Општина Велес.

4. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2120/9
01.11.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
96	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година**	143
97	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за доделување на награда за животно дело "Гемиџии" за 2004 година** **О Д Л У К А За доделување награда за животно дело "Гемиџии" за 2004 година**	144
98	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за доделување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес за 2004 година** **О Д Л У К А за доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2004 година**	144
99	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за донесување на ДУП за локалитет "М"** **О Д Л У К А за донесување на ДУП за локалитет "М"**	145
100	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за ревизија на Локалниот еколошки акционен план на Општина Велес** **О Д Л У К А за ревизија на Локалниот еколошки акционен план на Општина Велес**	146
101	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за новите градски гробишта** **О Д Л У К А за новите градски гробишта**	146
102	**З А К Л У Ч О К за прогласување Согласноста на Одлуката за утврдување на цените на погребални услуги** **С О Г Л А С Н О С Т на Одлуката за утврдување на цените на погребални услуги**	150
103	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Велес** **З А К Л У ЧО К за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Велес**	150

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48